Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 06.03.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 1727 | 1 | |


РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. Програмскиот надзор се врши како: **редовен**

2. Субјект на надзорот: Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје - дигитален пакет

3. Надзорот е спроведен на 05.03.2015 година.

4. Надзорот се врши врз исполнувањето на обврските утврдени во следните членови од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14):

4.1. член 50 став 5 – „Операторите на јавни електронски комуникациски мрежи можат да емитуваат или реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик. Забрането е емитување или реемитување на детска порнографија“.

4.2. член 64 став 2 – „Доколку програмските сервиси што се реемитуваат преку јавни електронски комуникациски мрежи се титлуваат на јазик различен од јазикот на кој оригинално се произведени, мора да бидат титлувани на македонски јазик, или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, освен телешопингот и рекламите“.

4.3. член 141 – „Доколку Агенцијата врз основа на извршен програмски надзор согласно со овој закон утврди дека оператор реемитува програмски сервис кој не е регис- триран согласно со овој член, Агенцијата во рок од седум дена од извршениот програмски надзор ќе донесе решение со кое ќе му наложи на операторот веднаш да го исклучи реемитувањето на програмскиот сервис“.

4.4. член 143 – „Оператор може да ги реемитува програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права, согласно со Законот за авторските права и сродните права“.

5. Со надзорот беше констатирано прекршување на член 141, и тоа:

Дека операторот ги реемитува програмските сервиси Rumeli TV, DM SAT, BN Music, Kanali D, Show TV, 21 Populore, a TV (турски), RTV 21, Junior, Film Hits, Hayat Plus,

RTL, Euronews, TVSH, Beyaz TV, RTK 21, N TV, B92 info, Samanyolu TV, Film Author, Eurosport, Sport Klub 3, Sport Klub 1, Sport Klub 2, RTK Sat, Super Sport 1, Star TV, N TV Sport, RTS Sat, Kral TV, OBN, TB Epa, KLAN TV, Al Jazeera, Fashion one, BNT, Hayat Folk, Saudi Kuran, Grand, ABC News и Bang Bang, кои не се опфатени со потврдите за регистрација на дигитален пакет програмски сервиси издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, што е спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**ПРЕДЛОГ МЕРКА:**

1. Директорот на Агенцијата да донесе решение за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмските сервиси на Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје.

2. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали операторот постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во решението донесено од страна на Директорот на Агенцијата.

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

Прилог (1): Извештај за извршен програмски надзор од страна на службено лице на Друштво за телекомуникации СКУПИ КАБЛЕ ДОО Скопје – дигитален пакет од страна на службено лице од Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Одделение за заштита на авторски права, Сектор за стратешко планирање и авторски права**